| **ВКУПНО** | | 4 | | 6 | 6 | |

Изготвил : Еко тим при ООУ,,Дане Крапчев,,

### *9.10. Употреба на ИКТ во наставата – список наставници со број на часови (наставник/месец)*

| | Име и презиме | септември | октомври | ноември | декември | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Билјана Трајановска | 20 | 21 | 23 | 23 | 12 | 23 | 22 | 23 | 24 | 10 | 201 |
| **2** | Даниела Салтирова | 20 | 21 | 23 | 23 | 12 | 23 | 22 | 23 | 24 | 10 | 201 |
| **3** | Жаклина Атанасовска | 20 | 21 | 23 | 23 | 12 | 23 | 22 | 23 | 24 | 10 | 201 |
| **4** | Светлана Пешовска | 20 | 21 | 23 | 23 | 12 | 23 | 22 | 23 | 24 | 10 | 201 |
| **5** | Данче К.Јакимовска | 28 | 35 | 28 | 28 | 14 | 28 | 28 | 28 | 28 | 7 | 252 |
| **6** | Лидија Ѓорѓиева | 28 | 35 | 28 | 28 | 14 | 28 | 28 | 28 | 28 | 7 | 252 |
| **7** | Олга Црногорска | 28 | 35 | 28 | 28 | 14 | 28 | 28 | 28 | 28 | 7 | 252 |
| **8** | Билјана Павиќевиќ | 28 | 35 | 28 | 28 | 14 | 28 | 28 | 28 | 28 | 7 | 252 |
| **9** | Славица Алексиќ | 34 | 34 | 35 | 35 | 16 | 32 | 35 | 35 | 34 | 12 | 302 |
| **10** | Лидија Велковска | 34 | 34 | 35 | 35 | 16 | 32 | 35 | 35 | 34 | 12 | 302 |
| **11** | Наталија Николовска | 34 | 34 | 35 | 35 | 16 | 32 | 35 | 35 | 34 | 12 | 302 |
| **12** | Јованка Грујовска | 34 | 34 | 35 | 35 | 16 | 32 | 35 | 35 | 34 | 12 | 302 |
| **13** | Гордана Павлова | 28 | 32 | 32 | 35 | 18 | 28 | 31 | 30 | 31 | 10 | 275 |
| **14** | Виолета Стоилевска | 28 | 32 | 32 | 35 | 18 | 28 | 31 | 30 | 31 | 10 | 275 |
| **15** | Тања Метикош | 28 | 32 | 32 | 35 | 18 | 28 | 31 | 30 | 31 | 10 | 275 |
| **16** | Елизабета Георгиевска | 28 | 32 | 32 | 35 | 18 | 28 | 31 | 30 | 31 | 10 | 275 |
| **17** | Елизабета Ордева | 33 | 31 | 32 | 31 | 17 | 30 | 33 | 31 | 33 | 8 | 279 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **18** | Даниела Торковска | 33 | 31 | 32 | 31 | 17 | 30 | 33 | 31 | 33 | 8 | 279 |
| **19** | Виолета Симоновска | 33 | 31 | 32 | 31 | 17 | 30 | 33 | 31 | 33 | 8 | 279 |
| **20** | Наташа Јосимовска | 33 | 31 | 32 | 31 | 17 | 30 | 33 | 31 | 33 | 8 | 279 |
| **21** | Весна Трајковска | 24 | 24 | 24 | 24 | 16 | 24 | 24 | 24 | 24 | 16 | 224 |
| **22** | Весна Кочова | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 230 |
| **23** | Весна Костовска | 26 | 31 | 31 | 33 | 24 | 18 | 26 | 34 | 11 | 16 | 250 |
| **24** | Јагода Филиповска | 20 | 8 | 20 | 16 | 11 | 20 | 33 | 23 | 10 | 11 | 172 |
| **25** | Мирослава Стојмановска | 20 | 24 | 30 | 22 | 14 | 22 | 26 | 26 | 24 | 10 | 218 |
| **26** | Душко Анастасовски | 19 | 20 | 26 | 29 | 13 | 25 | 26 | 26 | 29 | 7 | 226 |
| **27** | Елена Малинова | 34 | 31 | 34 | 25 | 21 | 34 | 35 | 43 | 39 | 20 | 316 |
| **28** | Марина Пејковска | 86 | 82 | 80 | 90 | 32 | 82 | 94 | 74 | 74 | 32 | 726 |
| **29** | Марија Н.Наневска | 28 | 24 | 20 | 20 | 12 | 16 | 28 | 16 | 12 | 16 | 192 |
| **30** | Борис Шундовски | 21 | 21 | 21 | 21 | 14 | 21 | 21 | 21 | 21 | 7 | 189 |
| **31** | Катица Стојчевска | 38 | 25 | 14 | 27 | 11 | 34 | 21 | 37 | 25 | 16 | 248 |
| **32** | Магдалена Павлеска | 28 | 24 | 20 | 28 | 8 | 24 | 32 | 24 | 24 | 8 | 21 |
| **33** | Лиле Сарваноска | 32 | 32 | 30 | 4 | 13 | 29 | 9 | 24 | 32 | 12 | 217 |
| **34** | Ванчо Јовчев | 20 | 16 | 8 | 28 | 24 | 28 | 16 | 20 | 8 | 8 | 176 |
| **35** | Роза Јаневска | 8 | 12 | 12 | 4 | 4 | 12 | 8 | 12 | 8 | 4 | 96 |
| **36** | Бранко Атанасоски | 14 | 36 | 22 | 14 | 12 | 26 | 20 | 32 | 24 | 4 | 204 |
| **37** | Јасмина Ѓоргиева | 28 | 32 | 30 | 30 | / | 30 | 32 | 28 | 30 | / | 240 |
| **38** | Билјана Стојановска | 28 | 48 | 28 | 20 | 8 | 16 | 16 | 40 | 32 | / | 236 |
| **39** | Александра Стојчевска | 45 | 41 | 42 | 24 | 25 | 41 | 33 | 47 | 43 | / | 341 |
| **40** | Јулија Ј. Караланова | 28 | 36 | 46 | 32 | 36 | 34 | 24 | 54 | 50 | 4 | 344 |
| **41** | Елена Томевска | 24 | 0 | 32 | 22 | 18 | 54 | 38 | 18 | 32 | 6 | 244 |
| **42** | Бојана М. Личева | 20 | 28 | 32 | 16 | 24 | 29 | 20 | 36 | 28 | 20 | 248 |
| **43** | Катерина Лукарова | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 210 |
| **44** | Анета Митевска | 16 | 20 | 14 | 14 | 8 | 14 | 16 | 12 | 14 | 8 | 136 |
| **45** | Соња Божиновска | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 0 | 36 |

## 10. Оценување

### *10.1. Видови оценување, календар на оценување и тим за следење, анализа и поддршка на оценување*

Следејќи го трендот за унапредување на оценувањето и примена на современи техники и методи во наставата, како и современата технологија, наставниот кадар од нашето училиште посетуваше соодветни обуки и се стекна со соодветни сертификати. Со поддршка од тимовите на училишните приоритети, стекнатите знаења се инплементираат во планирањата на натсавниците, при реализацијата на наставата и во секојдневната практика воопшто.

Во училиштето се спроведува описно оценување за учениците од I до III одделение и бројчано оценување за учениците од IV до IX одделение според законската регулатива. На почетокот на годината во секоја паралелка ќе се формира комисија од ученици за оценување која ќе работи во рамките на одделенски час и ученичката заедница.

Секој наставник пред почетокот на учебната година изработува план за писмено оценување на учениците имајќи ги предвид законските ограничувања (ПРИЛОГ 17). Исто така, секој наставник изготвува критериуми за оценување според стандардите за оценување. Во рамките на годишното, тематското и дневното планирање секој наставник го планира формативното и сумативното оценување.

Училиштето има изготвено процедура за поплаки и жалби по добиени оцени според законот за основно образование. Родителите и учениците ќе бидат информирани за програмата на тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето и процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени.

За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето ќе се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, ќе се прибирааат податоци за изготвување на компаративна анализа и СВОТ анализа. Сето ова ќе се врши со цел да се подобри состојбата на оценувањето на постигањата на учениците.

За подобрување на објективноста во оценувањето во училиштето на крајот од годината ќе се врши анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците во оценувањето добиени од екстерното тестирање.

Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

Акциониот план на тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето е даден во ПРИЛОГ 17а.

### *10.2. Само- евалвација на училиштето*

Само-евалвацијата како задолжителна обврска, во нашето училиште се спроведува и ќе се спроведува според барањата и насоките дадени од ДПИ. Последната само-евалвација беше спроведена во текот на април/мај 2014 год, така што следната само-евалвација ќе се изврши кон крајот на учебната 2015/16 година. Истата ќе се спроведува според акциониот план даден во ПРИЛОГ 18.

## 11. Вон- наставни активности

Вонаставните активности претставуваат интегрално мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Затоа во овој дел на Годишната програма се содржани основите за организирање и програмирање на:

### *11.1. Училиштен спорт*

Во учебната 2015/16 год. планирани училишни спортови кои ги нуди училиштето а се во коорелација со програмата за физичко и здравствено образование се спортските игри: футсал за машки, футсал за девејчиња, кошарка машки, кошарка девојчиња, одбојка девојчиња, ракомет девојчиња, пинг-понг.
*Одговорни наставници за училишниот спорт се*: Зора Јовановска и Јордачно Тодосиев.
*Цели:*

- Да ги усвојува и увежбува основните спортско-технички знаења од спортските игри.

- Да ја одржува општата моторика како и спечифичната моторика кај спортските игри.
- Да соработува и учествува во тимска работа.
- Да поседува фер-плеј способности и однесувања во натпреварите.
- Да се ослободува од стрес состојби.
- Да создава и применува здравствено хигиенски навики во вежбањето и спортувањето.

*Реализација:*

Овие вон-наставни активности ќе бидат реализирани во текот на учебната година. Финалните натпревари ќе бидат одиграни по повод Денот на училиштето. Опфатени ученичи ќе бидат учениците од 7, 8 и 9 одделение.

Турнирот ќе биде отворен за сите соученици од нивните одделенија како и нивните родители.

### 11.2. Секции и слободни ученички активности

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците
- Културно-уметнички активности
- Спортски активности

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.

Задачите на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување
- Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на учenич-ките обврски
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

### Културно-уметнички слободни активности

План за работа на воннаставните активности за учениците од I-IX одделение е даден во ПРИЛОГ 19-А, акциониот план за организирани посети е даден во ПРИЛОГ19-Б, акциониот план за работа на

воннаставните активности од ликовната област е дадена во ПРИЛОГ 19-В, акциониот план за воннаставни литературни активности (литературни конкурси, поетско читање, хепенинзи, натпревари) е дадена во ПРИЛОГ 19-Г,

***Оркестар***



Целта на училишниот оркестар е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навика за редовност и точност;
- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на инструмантални композиции;
- да развива способност за колективно иструментално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упаства на диригентот – менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на иструмантална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.)
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за инструменталнаа интерпретација и запознавање со културите на другите народи;

## Организација на оркестарската настава

Часовите по оркестар ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите по 3 часа седмично. Во училишниот оркестар можат да членуваат учениците од VI, VII, VIII. и IX одделение, според интересот и техничките можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Оркестарските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

## Наставни методи и активности

Во остварувањето на целите на училишниот оркестар ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку инструментален презентација. Ќе се соработува и со разни културно – уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на инструментален интерпретација.

## Просторни и материјално – технички услови

Наставата по оркестар ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

**Настапи:** Училишниот оркестар ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во Програмата на училиштето. Исто така ќе учествува на хорски и оркестарски смотри/ натпревари организирани од БРО.

Планот за работа на оркестарот е даден во ПРИЛОГ 20.

Одговорен наставник: Ванчо Јовчев

## Хор



Во нашето училиште, учениците имаат можност да учествуваат, покрај редовната настава и во други ученички активности. Во училиштето функционира училишен хор под раководство на наставникот по музичко образование Роза Јаневска. Хорот брои околу 30 ученици кои редовно ги посетуваат часовите (бројот на учесници во хорот е менлив поради новите паралелки кои преминуваат во предметна настава). За новите членови кои сакаат да учествуваат во училишниот хор е предвидена аудиција на почетокот на учебната година (септември). Хорот почнува со работа по завршената аудиција за избор на новите членови. Учениците ги посетуваат часовите по хор три пати во работната седмица и секој час е со времетраење од 90 минути. Во текот на учебната година хорот има можност да соработува и со други надворешни соработници, односно гостувања во други училишта, хорски смотри(општински, градски и државни), настап по повод најразлични збиднувања, училишен патронат и сл. Во текот на учебната година на високо ниво е соработката со родителите на учениците кои учествуваат во хорот и на истите им се нуди можност да присуствуваат на проби, натпревари, концерти и сл.

**Цел:**

- учениците да ги прошират знаењата и способностите во областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет
- учениците да се оспособуваат за сора



**Конкретни цели:**

- да е музикален
- да поседува соодветен тонски распон на гласот
- да демонстрира една песна по свој избор

**ресурси:**

- клавир
- синтисајзер

- компјутер
- CD плеер

***Спортски активности***

***Училишни натпревари -*** Во текот на учебната 2015/16 година ќе се одржат општинските натпревари во футсал и кошарка (лига машки) и турнирските натпреварувања одбојка, ракомет, футсал и кошарка (женски) пинг-понг и крос натпреварите кои се во организација на ОСУСГБ и општина Гази Баба.

Учество на натпреварите завземаат ученици и ученички од 7, 8  и 9 одделение.

Планот на натпревари е во согласност со планот на Општинскиот сојуз за училишен спорт во Гази Баба (ОСУСГБ).

- Училишен спорт (Програмата е дадена во ПРИЛОГ 21)
- Ученички спортски натпревари (Програмата е дадена во ПРИЛОГ 22)

*Општи цели*:

- Да се развиваат физичките спосбности кај учениците
- Да се увежбува и усовршува тактика и техника на игра
- Да се развива спортскиот дух
- Да ги одржува и подобрува психомоторните способности

### *11.3. Ученички натпревари*

Ученичките натпревари се облик на активности преку кои еден ученик или група ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат добри воспитно-образовни резултати. Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се поттикнува и развива интересот на учениците кон одредена активност, па на тој начин се воспоставува активен однос кон наставата и вреднувањето на постигнатите резултати.Училиштето кое континуирано вложува во својот развој исоздава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна климасоздава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

Во текот на учебната 2014/15 год. училиштето ќе учествува на општински, регионални и државни натпревари по сите предмети, а во месец март ќе организира и училишни натпревари. На тие училишни натпревари може да учествуваат сите редовни ученици од училиштето, по сите наставни предмети како што е назначено во Член 7 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети.

Во организацијата и спроведувањето на натпреварите се вклучуваат сите наставници чии ученици учествуваат на соодветниот натпревар.

**а) Училишни натпревари** **б) Општински, градски или регионални натпревари** **в) Државни натпревари**

## а) Училишни натпревари

За учениците од IV - IX одделение ќе се организираат училишни натпревари во следните предмети:

***македонски јазик***
***англиски јазик***
***француски јазик***
***математика***
***физика***
***хемија***
***географија***
***биологија***
***историја***
***граѓанско образование***
***информатика***
***природни науки и техника***
***природа***
***општество***

Училишните натпревари ќе се одржат според акциониот план даден во ПРИЛОГ 23

## б) Општински, градски или регионални натпревари

Училиштето ќе учествува на сите општински, градски и регионални натпревари кои ќе бидат организирани од страна на установите или институциите кои за тоа имаат одобрение од Министерството за образование и наука.На општинските, градските или регионалните натпревари ќе земат учество учениците кои покажале подобри резултати на училиш-ните натпревари.

Во текот на учебната 2015/16 година ќе се одржат општинските натпревари во футсал и кошарка (лига машки) и турнирските натпреварувања одбојка, ракомет, футсал и кошарка (женски) пинг-понг и крос натпреварите кои се во организација на ОСУСГБ и општина Гази Баба. Учество на натпреварите завземаат ученици и ученички од 8 и 9 одделение (осумгодишно и деветгодишно). Планот на натпревари е во согласност со планот на Општинскиот сојуз за училишен спорт во Гази Баба (ОСУСГБ).

**в) Државни натпревари**

Учеството на учениците на државните натпревари зависи од резултатите постигнати на регионалните натпревари.Со цел да се поттикне интересот на учениците за учество на ученичките натпревари планираме:

- Осмислена организација и коректна реализација на училишните натпревари.
- Определување на квалитетни наставници за ментори.
- Давање на соодветна стручна помош или друга помош.
- Доследно спроведување на критериумите за наградување на ученик или група ученици.

Во организацијата и спроведувањето на натпреварите се вклучуваат сите наставници чии ученици учествуваат на соодветниот натпревар

## *11.4. Општествено хуманитарна работа*

Во рамките на општествено хуманитарна работа на училиштето, тимовите за ,,Детска организација'' (ПРИЛОГ 27) , "Култрно-забавен живот '' (ПРИЛОГ 24) и "Соработка со родителите'' (ПРИЛОГ 32) во текот на учебната година ќе реализираат активности со кои ќе бидат одбележани низа настани, базари и празници. Во сите предвидени активности активно учество ќе имаат учениците, наставниците и родителите.

- Почетокот на новата учебна година и приемот на првачиња свечено ќе биде означен со организирана приредба на првиот училишен ден.На првата родителска средба на родителите ќе им бидат доделени флаери преку кои ќе се запознаат со организираната поставеност на училиштето и нивните права и одговорности.
- Во месец октомври училиштето ќе организира свечен прием на првачињата во ''Детската организација на РМ'', ''Денот на востанието на РМ'' и ''Денот на Македонската революционерна борба'' ќе бидат одбележани со читање реферати и лични творби, а пак ''Светскиот ден на јаболкото'' ќе се одбележи со низа активности во чија реализација ќе бидат вклучени и родители. Овој месец, по повод Денот на еколошката акција ''Ајде Македонијо! '' во соработка со родителите ќе се организира и еколошка акција.
- Месец ноември ќе помине во знак на ,,Акцијата за разубавувањена училиштето со засадување рози'' која ќе се изведе во соработка со родителите. Овој месец ќе биде организирано и ликовно и литературно творење под мотото,, Подарок за мојот град Скопје''
- Во месец декември ќе биде одбележан ''Денот на Св. Климент Охридски ''. Во активностите по повод Новогодишните празници активно учество во декорирање на училниците освен учениците и наставниците ќе земат и родителите. Крајот на календарката година ќе биде одбележан со пригодна музичка програма.

- -Во првата седмица од месец февруари преку низа активности ќе биде одбележан патрониот празник на училиштето. Во рамките на овој месец активно учество во наставата , при обработка на одредени наставни содржини ќе земат и родители.
- Во месец март со читање реферат и лични творби ќе биде одбележан Меѓународниот ден на жената. Денот на екологијата ќе биде одбележан преку разни активности во кои ќе бидат вклучени родителите се со цел уредување на просторот во и околу училиштето.
- Првиот ден од месец април со организиран маскенбал ќе биде одбележан, ''Денот на шегата''. На 7 Април ќе се одбележат ''Денот на училиштето'' и ''Светскиот ден на здравјето''. На 28 Април преку низа еколошки активности ќе биде одбележан ''Светскиот ден на планетата земја'' за да активностите во месец април завршат со Организирање спортски натпревари за учениците.
- Во текот на месец мај ќе бидат одбележани значајни дати меѓу кои: 1 Мај ''Денот на трудот'', 4 Мај Денот на загинувањето на Гоце Делчев'' и 24 Мај ''Денот на Македонските просветители''. На крајот од овој месец ќе биде реализиран хунманитарен концерт во соработка на наставниците, учениците и родителите.
- Во месец јуни ќе биде организирана забава по повод заминувањето на полуматурантите од училиштето.
- Оваа активност ќе биде и последната вон-наставна активност реализирана оваа учебна година.

### *11.5. Ученички екскурзии*

Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето. Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од Р. Македонија.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | Октомври | Парк шума Гази Баба | II – IX одд. |
| **Еднодневен пролетен излет** | Април/Мај | Раштак -Скопска Црна Гора | II – IXодд. |
| **Дводневна екскурзија** | Мај | Источна Македонија | VI одд. |
| **Тродневна екскурзија** | Мај | Западна Македонија | IX одд. |
| **Настава во природа** | Мај (по посебно изготвена програма) | Западна Македонија (со престој во Охрид) | V одд. |

Планираните екскурзии подетално се конкретизирани во ПРИЛОГ 25

### *11.6. Ученичка училишна заедница*
### *11.7.*

Според потребите на училиштето и оваа учебна 2015/16 година е изготвена програма за работа на училишната заедница. Акциониот план е даден во ПРИЛОГ 26

Цел:

Формирање на училишна заедница за учебната 2015/16 год.,зајканување на соработката помеѓу наставниците и учениците,потикнување на хуманоста и грижата на учениците за опшествената заедница,како и подобрување на работната атмосферата и клима во училиштето.

Планирани активности:

- Изготвување план за работа;
- Средба на одговорниот наставник со учениците (претседатели и потпретседатели на одделенијата)
- Конституирање на училишната заедница и избор на претседателство
- Предлози на учениците за програмата за работата на заедницата

- Запознавање со кодексот на однесување, училишниот ред и етичкиот кодекс на оценување на учениците и формирање на ученички комисии за следење на оценувањето
- Насоки за продолжување на процесот на решавање на тековни проблеми во паралелките
- Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие
- Извештај за текот на решавање на проблемите во паралелките
- Спроведување на активности за зајакнување соработката помеѓу учениците,јакнење на пријателството и соработката преку креативни активности
- Анализа на работата на училишната заедница во прво полугодие
- Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот на првото полугодие
- Избор на теми за дискусија
- Дискусија на тема предложена од учениците
- Разгледување на постигнатиот успех во третото тромесечие од учебната година
- Хуманитарна акција по повод 8 Март преку работилница за изработка на честитки и нивна продажба при што собраните средства ќе бидат донирани во хуманитрани цели
- Анализа на анкетите за следење на оценувањето на учениците
- Анализа на работатата на училишната заедница во текот на учебната година
- Предлози и насоки за понатамошната работа

**Цел на група е**

- Наставници, ученици, родители

**Ресурси:**

- Годишен извештај од работата на училишната заедница 2015/16 год.
- Прашалник за наставници
- Прашалник за ученици

**Време за реализација**

Секоја планирана активност се одвива според однапред утврдена рамка прикажана во акциониот план за учебната 2015/16 год.

**Индикатори за успешност:**

Редовноста на состаноците,учеството во работилници,дискусии и спроведени акции

Одговорен наставник Александра Стојчевска

## *11.8. Детска организација*

Во учебна 2015/16 год. со цел во наставата да се посвети внимание на значајните датуми и настани од секојдневниот живот,Детската организација“ со изготвена Програма и Акционен план ќе реализира низа активности во кои активно учество ќе земат учениците,наставниците, родителите,Општината и соработници надвор од училиштето.

Предлог активности:

- На првиот училишен ден ќе се организира свечен прием на првачињата, а во месец октомври „Детската недела “ и приемот на првачињата во „Детската организација“ ќе се одбележат со пригодна приредба.
- Сите државни празници и значајни датуми од нашата историја ќе бидат одбелжани на соодветен начин.
- Во одбележување на „Денот на пролетта“ и „Денот на екологијата“ ќе учествуваат претставници од Советот на родители, а за одбележување на „Денот на здравјето“ предавање ќе одржи стручно лице – лекар.
- Посета на театарска престава и на детски фестивал ќе се организира со цел учениците културно да се воздигнат.Во соработка со туристичка агенција ќе се организира зимување и летување за учениците.
- По повод Нова година и на крајот од учебната година ќе се организираат забави за учениците, а со свечена приредба ќе се одбелижи Патрониот празник на училиштето.

Покрај наведените активости „Детската организацијата“ во соработка со тимот „ЕКО“ ќе ги реализира и следните активности:

- 16 Септември - Светски ден за заштита на озонската обвивка
- 22 Септември- Меѓународен ден без автомобили
- 8 Октомври -Меѓународен ден за намалување и уништување на природата
- 15 Октомври -Меѓународен ден на пешаците
- 16 Октомври -Ден на јаболкото
- 20 Октомври-Ден на младите и граѓаните на Р.М.
- 7 Ноември -Ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Р
- Ноември- Ден на дрвото

- 5  Март- Светски ден за заштеда на енергијата
- 21 Март -Ден на пролетта
- 22  Март -Светски ден за заштеда на водите
- 7 Април -Еко ден на нашето училиште
- 7 Април -Светски ден на здравјето
- 22  Април -Светски де на планетата Земја
- 15  Мај-Светски ден за заштита на климата
- 31 Мај-Светски ден против пушењето
- 5 Јуни -Светски ден за заштита на животната средина

Време на реализација

Времето за реализација на секоја планирана активност се содржи во Акциониот план (ПРИЛОГ 27), а се однесува за период од септември до јуни во учебната 2015/16 година.

Целна група
- ученици
- наставници

Одговорен наставник : Елизабета Ордева

### *11.9. Организација на Црвениот крст*

Во училиштето работат Подмлаткари на Црвениот крст  и членувањето во организацијата е доброволно и по избор на учениците.
**План за работа на подмладокот на Црвениот крст**
Друштвото на Подмладокот на Црвениот крст има своја важност и задачи. Друштвото на ПЦК како здраствена и социјална воспитна организција во ОУ треба да го придонесе следното:
- да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува пионерите и младинците како да внимаваат и како да го подобрат своето здравје и околина;
- развивање смисла за меѓусебна помош, солидарност, развивање меѓународно пријателство и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план, без оглед на национална и расна припадност што треба да допринесе за зачувување на мирот во светот;

- да ги запознава учениците со задачите на Црвениот крст за ублажување на последиците од вооружените воени судири и елементарни непогоди и да ги оспособува и тие да земат активно учество во реализацијата на такви акции и програми.
- За постигнување на овие цели планирани се повеќе активности како: разни акции, литературни творења, предавања, читање реферати и информативни текстови,учество на натпревари и сл. Активностите се реализираат во текот на целата учебна година.Во реализација на програмата активно учествуваат не само членовите на ПЦК, туку и учениците од I – IX одд.,одговорните наставници на Црвениот крст, како и Подмладокот на Црвениот крст на општина Гази Баба.

**Цели и задачи**

- Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците,подигнување на нивото на здравствената култура,оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи,како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.
- Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочуство,толеранција и почитување по пат на разновидни игри и работа,а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателството.
- Постигнатите знаења и резултати Подмладокот на Црвениот крст ќе ги спроведува низ познатите традиционални форми за проверка на знаењата и способностите што ги организира Црвениот крст како што се :натпревари, конкурси и други форми на соработка .

  Акциониот план за работа на црвениот крст е даден во ПРИЛОГ 28

Одговорни наставници: Билјана Павичевиќ и Бранко Атанасоски

## *11.10. Еко- патроли*



Еко патролите се составени од двајцата дежурни ученици , согласно со распоредот за дежурства на влезната врата кој ги вклучува учениците од VI до IX одд..,при што учениците имаат задолжение да ја следат состојбата во училишните ходници и аула,училници и тоалети согласно со еко стандардите и листите за следење на состојбата. Еко патролите се должни секое непочитување на екокодексот да го забележат и пријават. Како новитет се воведува задолжение за учениците од IX одд., како највозразни ученици во училиштето. Тие ќе треба да спроведуваат мониторинг на садниците и цвеќињата во училишниот двор, состојбата и бројот на истите ќе ги забележуваат во соодветни листи.Нововодената еко патрола во училишниот двор ќе се спорведува на секои две недели и тоа во ден петок.Целта на оваа активност е да се подобри изгледот на училишниот двор и да се поткрене јавната свест за односот и значењето на урбаното зеленило.



Распоредот за дежурните ученици го изготвуваат одделенските раководители.



Со цел спорведување на оваа активност се изготвуваат и доставуваат списоци за составот на еко-патролите и упатство за правилна и ефикасна работа на истите.Еко-патролите водат листи за следење на реализацијата на точките на акција од воспоставените еко-стандарди и подготвуваат извештаи за состојбата во училишната зграда и двор

| *СписокнаЕкопатроли за учебна 2015/16 год.* | | |
|---|---|---|
| **Одделение/Паралелка** | **Период на следење** | |
| | од | до |
| VI -1, VII -1, VIII -1, VIII -1, XI -1 | 16.09.2015 | 04.10.2015 |
| VI -2, VII -2, VIII -2, VIII -2, XI -2 | 07.10.2015 | 25.10.2015 |
| VI -3, VII -3, VIII -3, VIII -3, XI -3 | 28.10.2015 | 15.11.2015 |

| | | |
|---|---|---|
| VI -4, VII -4, VIII -4, VIII -4, XI -4 | 18.11.2015 | 06.12.2015 |
| VI -1, VII -1, VIII -1, VIII -1, XI- 1. | 09.12.2015 | 27.12.2015 |
| VI -2, VII -2, VIII -2, VIII -2, XI -2 | 27.01.2016 | 14.02.2016 |
| VI -3, VII -3, VIII -3, VIII -3, X I -3 | 17.02.2016 | 07.03.2016 |
| VI -4, VII -4, VIII -4, VIII -4, IX -4 | 10.03.2016 | 28.03.2016 |
| VI -1, VII -1, VIII -1, VIII -1, XI -1 | 31.03.2016 | 18.04.2016 |
| VI -2, VII -2, VIII -2, VIII -2, XI -2 | 21.04.2016 | 09.05.2016 |
| VI -3, VII -3, VIII -3, VIII -3, XI -3 | 12.05.2016 | 30.05.2016 |
| VI -4, VII -4, VIII -4, VIII -4, XI -4 | 02.06.2016 | 10.06.2016 |

## 12. Поддршка на ученици

### *12.1. Постигнување на учениците*

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците од различен пол,етничка припадност и според наставни предмети. Прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај за својата работа. За да ги подобри постигањата на учениците училиштето ќе превземе активности преку: ревидирање на планирањата на наставниците, примена на нови техники,форми , формативно оценување, подобрено сумативно оценување и примена на ИКТ во наставата,примена на расположиви средства и технички помагала, индивидуална работа, преку додатна и дополнителна настава, преку соработка со родителите и стручните соработници, преку задолжителни, слободни и воннаставни активности, изготвување задачи по тежински нивоа, квалитетни годишни, тематски и дневни планирања, примена на знаења од обуките во наставата, Планирање на редовната, дополнителната и додатната настава со применети методи на активна настава, учество на натпревари, смотри и конкурси.Сите овие активности се превземаат со цел да се подобрат постигањата на учениците.

| | АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ 2015-2016 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Следење | | |
| Задача | Активност | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | ✓ x | Потребен буџет |
| 1.Да се идентификуваат талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето | Идентификација на талентирани, надарени и ученици со потешкотии во учењето | септември | Предметните наставници | | Набљудување, тестирање | Идентификувани ученици | Соодветни тимови | | |
| 2.Да се изготви план за работа со талентираните, надарените,ученици со потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии | Изготвување на план за работа со тие ученици | септември | Предметните наставници | Наставни планови и програми | табела | Изготвени планови | Стручните соработници | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.Континуирано да се подржуваат учениците преку додатна и дополнителна настава | Учество на учениците на часови на додатна и дополнителна настава,учество на училишни и вон училишни натпревари | Во текот на целата учебна година | Предметните наставници родителите и учениците | Реализирање на часовите на додатна и дополнителна настава и учество на натпревари | Досие на учениците Следење на ученици од наставниците и стручните соработници.Ранг листи со постигнати резултати од натпревари | Повисоки постигања на учениците | Тим | | |
| 4.Запознавање на учениците со струките, способностите и правилно професионално орентирање | Изготвување и реализација на акционен план за професионална ориентација на учениците | Во текот на целата учебна година | Тим за професионална орентација на учениците | Предавања,презентации,посета на институции | Трудови од ученици | Правилно насочување на учениците за избор на професија | Тим | | |
| 5.Континуирано да се подржуваат талентираните и надарените ученици | Изготвување и реализација на акционен план за надарени и талентирани ученици | Во текот на целата учебна година | Тим за надарени и талентирани ученици | Консултивно советодавна работа | Иструменти за следење | Целосна реализација на индивидуалните Програми за работа со надарени и талентирани ученици | Тим | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.Континуирано да се подржуваат учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии | Изготвување и реализација на акционен план за Инклузија на деца со посебни потреби и емоционални потешкотии | Во текот на целата учебна година | Тим за инклузија на деца со посебни потреби и емоционални потешкотии | Консултивно советодавна работа | Досие на учениците | Подобрување на постигањата, вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница, зајакнување на родителските вештини и капацитети | Тим | | |
| 7.Да се анализира оценувањето на постигањата на учениците | Изготвување на компаративна анализа | Јануари и јуни | Тим за подрачјето за самоевалуација „Пстигања на учениците“ | Преглед на постигања на ученици | / | Подобрување на пстигањата на учениците | Билјана Стојановска | | |
| 8.Да се промовираат постигањата на учениците | Информирање на училиштето и јавноста за постигањата на учениците | Тромесечие, полугодие и крај на учебна година | Одд. раководители | Наставнички совети,родителски средби | Преглед за постигнувањата на учениците | Информирано училиште и јавност за постигањата на учениците | Стручни соработници | | |

**Критериум за успех:**Редовно учество на додатна и дополнителна настава,учество на натпревари и постигнати резултати на истите(освоени награди),Учество во активности во рамките на одделението**.**
**Иструменти:** Листи на евиденција за реализација на активности планирани со акционен план, досиеа на ученици**.**
**Индикатор за успешност:** Идентификувани ученици,изготвени и реализирани планови,Следење на ученици од наставниците и стручните соработници,Подобрување на постигањата на учениците**.**
**Одговорен за следење:**Тим за додатна и дополнителна настава, тим за надарени и талентирани ученици, тим за професионална орентација на ученици,тим постигања на учениците,тим за инклузија на учениците со ПОП и емоционални потешкотии.
**Повратна информација:** Месечни ,полугодишни и годишни извештаи на тимовите**.**

**Тим:** координатор: Билјана Трајановска, Жаклина Атанасовска, Елена Томевска, Данче Костовска, Марина Пејковска

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Програмата за професионална ориентација на учениците е дадена во ПРИЛОГ 29**,** а Акциониот план е даден во ПРИЛОГ 30**.**

## 12.2. *Превентивни програми*

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат и самите ученици преку индивидуални и групни активности. Во рамките на оваа програма (ПРИЛОГ 31) училиштето ќе оствари соработка со установите за безбедност преку одржување на едукативни работилници за учениците. Соработката со овие институции ќе продолжи и оваа учебна година.

Во рамките на програмата за соработка со родителите (ПРИЛОГ 32-А, акциониот план е даден во ПРИЛОГ 32-Б), како и преку соработка со институции во поблиската и поширока околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се допринесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците.

## 12.3. *Безбедност во училиштето*

Училиштето има план за заштита и спасување на учениците и вработените од природни непогоди и други несреќи.
Во случај на евентуален пожар или друг вид на загрозеност обезбедени се прописни излези за вработените и учениците при што е овозможена евакуација преку ходниците и скалите од подрумот,призмјето и спратот.
Во планот за евакуација точно се утврдени и назначени правцот на движење, излезите, просторот за ПП-апарати, сандачиња за прва помош, ѕиден хидрант и зборно место.
Во планот за евакуација постојат 5 зони и 7 излези.
Зона 1 ги опфаќа просториите на приземјето ,лево од централниот хол.
Зона 2 ги опфаќа просториите на приземјето ,кои се десно од централниот хол.
Зона 3 ги опфаќа просториите на спратот ,кои се лево од централниот хл.
Зона 4 ги опфаќа просториите на спратот ,кои се десно и над централниот хол.
Зона 5 опфаќа евакуација од подрумот.
Подетално планот за евакуација е следниот:







ПЛАН (ШЕМА)
ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА ПРИСУТНИТЕ
ОД СПРАТОТ (ПРОСТОРИИ ЛЕВО ОД ЦЕНТРАЛНИОТ ХОЛ) ВО ОУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ"
ЗОНА 3
EVACUATION PLAN
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13
КОН "ИЗЛЕЗ 7"
ЛЕГЕНДА/LEGEND:
ПОСТАПКИ ПРИ ЕВАКУАЦИЈА
PROCEDURES FOR EVACUATION
ПОСТАПКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
PROCEDURES IN CASE OF FIRE
ЗБОРНО МЕСТО
ПОСТАПКИ ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА БРЗА ПОМОШ
PROCEDURES FOR CALLING THE AMBULANCE
193
ТЕЛ.194
CALL 194
Улица "МАЏАРИ"


ПЛАН (ШЕМА)
ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА ПРИСУТНИТЕ
ОД СПРАТОТ (ПРОСТОРИИ ДЕСНО, И НАД ЦЕНТРАЛНИОТ ХОЛ) ВО ОУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ"
ЗОНА 4
EVACUATION PLAN
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12
КОН "ИЗЛЕЗ"
ЛЕГЕНДА/LEGEND:
ПОСТАПКИ ПРИ ЕВАКУАЦИЈА
PROCEDURES FOR EVACUATION
ПОСТАПКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
PROCEDURES IN CASE OF FIRE
ЗБОРНО МЕСТО
ПОСТАПКИ ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА БРЗА ПОМОШ
PROCEDURES FOR CALLING THE AMBULANCE
193
ТЕЛ.194
CALL 194
Улица "МАЏАРИ"


ПЛАН (ШЕМА)
ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА ПРИСУТНИТЕ
ОД ПОДРУМОТ ВО ОУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ"
ЗОНА 5
EVACUATION PLAN
"ИЗЛЕЗ 8"
"ИЗЛЕЗ 7"
1 2 3 4 5
ЛЕГЕНДА/LEGEND:
ЗБОРНО МЕСТО
193
ТЕЛ.194
Улица "МАЏАРИ"

## 12.4. Позитивна социо-емоционална клима

Во рамките на тимот за инклузија на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии е изготвена програма и акционен план за работа во кој се планираат активности за: изготвување на ИОП според индивидуални способности, интелектуален и емоционален статус; советодавна консултативна работа на стручни соработници со наставници, ученици и родители; следење и процена на постигањата; следење на однесувањето на овие ученици; подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците преку конкретни активности. – ПРИЛОГ 15 и ПРИЛОГ 16.

Училиштето и оваа учебна година ќе продолжи да води политика на еднаквост и правичност во односот спрема сите ученици и родители и континуирано поттикнува верска, национална и културна толеранција. За таа цел ќе се превземаат повеќе активности : подеднакво за сите ученици ќе се применуваат изработените правилници и критериуми за изрекување педагошки мерки ,критериуми за доделување на награди и пофалби на учениците, кодекс за однесување на учениците и етички кодекс за оценување на постигањата на учениците ;ќе се поттикнува поддеднакво учество на сите ученици во наставните и вонннаставните активности;континуирано ќе се изготвуваат инструменти за следење на успехот на сите ученици;ќе се одржуваат средби за следење на социјализацијата и постигањата на учениците од прво и второ одделение, за сите ученици ќе се води ученичко досие, ќе се изложуваат трудови на сите ученици без разлика на пол, националност и верска определба.

Учениците континуирано и навреме ќе добиваат информации за се што е директно поврзано со нив и нивните интереси, а ќе им се овозможи и да ги искажат своите ставови и мислења и да партиципираат во решавањето на проблемите кои ги засегаат како и да донесуваат одлуки за истите.Ова ќе се оствари преку:обработка на содржини на одделенскиот час во кои активно ќе се вклучуваат учениците, а се однесуваат на различни проблеми кои се од нивни интерес; училишната заедница во рамките на која учениците ќе ги добиваат информациите кои се од нивни интерес кои потоа ќе ги пренесуваат во својата паралелка, но исто така и проблемите во својата паралелка ќе ги пренесуваат во училишната заедница и ќе им се овозможи да покренуваат иницијативи за нивно решавање; разни дебати преку кои учениците ќе ги искажуваат своите ставови и мислења за различни теми кои тие сами ќе ги изберат; анкети со кои се ќе испитува мислењето на учениците за теми кои се од нивни интерес , а притоа ќе се земат во предвид и нивните мислења во врска со истите.

Родителите континуирано и на време ќе бидат информирани за се што се однесува на нивните деца како и за сите активности кои ќе бидат превземени во училиштето во рамките на наставата и

вонnаставните активности, а исто така ќе добијат и можност и да се вклучат во наставниот процес и воннаставните активности.Ова ќе се остварува преку родителските средби , Советот на родители, Училишниот одбор, , приемни денови, но исто така и преку индивидуални разговори со одделенските раководители, наставниците, директорот, педагошко-психолошката служба, истакнување на информациите потребни за родителите на родителските катчиња, преку изработка на флаери и др .

Во рамките на тимот за професионален развој (ПРИЛОГ 43) е изготвена програма и акционен план за работа во кој се планираат интерни обуки во соработка со БРО, МОН, невладините организации УСАИД, УНИЦЕФ, ОХО „Отворете ги прозорците“ Во текот на годината зависно од тековните активности и проекти од страна на МОН, БРО и невладини организации, на наставниците од нашето училиште ќе им биде овозможено присуство на семинари, обуки.

Континуирано во текот на учебната година ќе се спроведуваат акции и кампањи за:

1. Намалување отпад во училиштето и локалната средина
2. Заштеда на енергија
3. Заштеда на вода
4. Намалена потрошувачка
5. Разубавување и озеленување на училишниот двор

Акциите и кампањите се спроведуваат со цел да се промовираат еколошките активности во поширокат заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број на ученици, деца, вработени, родители, медиуми и сл.

Со спроведување на акциите ќе се подобри соработката меѓу учениците, вработените, родителите и локалното население, а воедно сите заедно ќе дадат свој придонес за создавање на одржлив свет.

## 13. Грижа за здравјето

### *13.1.Хигиена во училиштето, Систематски прегледи, Вакцинирање*

Акциониот план според кој се планирани грижата за здравјето на учениците е даден во ПРИЛОГ 44

### *13.2 Едукација за здрава исхрана*

Кампања ,,Здрава храна за детство без мана“



Во текот на учебна година ќе се реализираат активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана.Кампањата има за цел да ја подигне свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездравата храна.

За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, продажни акции на задрава храна, изработување на ликовни и пишани творби, едукативни предавања за правилна исхрана итн.

План за спроведување кампања ,,Здрава храна за детство без мана“ во вид на продажна акција на здрава храна.

| *Актив* | *Време на реализација* | *Одговорни лица* | *Потребни средства* |
|---|---|---|---|
| IX | септември | наставници од активот ученици, родители | / |
| VIII | октомври | наставници од активот ученици, родители | / |
| VII | ноември | наставници од активот ученици, родители | / |
| VI | декември | наставници од активот ученици, родители | / |
| V | јануари | наставници од активот ученици, родители | / |
| IV | февруари | наставници од активот ученици, родители | / |
| III | март | наставници од активот ученици, родители | / |
| II | април | наставници од активот ученици, родители | / |
| I | мај | наставници од активот ученици, родители | / |

едавање за здрава храна по повод Меѓународен ден на храната (време на реализација-16 октомври )

- Истакнување на творби и рецепти за здрава храна (континуирано во текот на учебната година )
- Работилница за здрава храна ( мај )

## 14. Училишна клима и односи во училиштето

### *14.1. Дисциплина*

Воспитно образовниот процес во училиштето се одвива според Кодексите на однесување на учениците, наставниците и родителите (ПРИЛОГ 33) во чија изработка се вклучени претставници од сите структури, а се донесени во согласност со Законот за основно образование. Училиштето постапува според Правилниците во кои се предвидени и постапките кои ќе се превземаат при пофалување, наградување како и при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

Климата во училиштето се базира на воспоставени добри односи во сите релации помеѓу наставниците, родителите и учениците.

Во училиштето раководниот и наставниот кадар игра клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето и добра дисциплина, а тоа се постигнува со професионалната соработка помеѓу наставниците.

Односот помеѓу наставниците и учениците се заснова на меѓусебно почитување и соработка, при што наставниците се активно вклучено во грижата за безбедноста, здравјето на учениците и во воспоставувањето на добар однос помеѓу нив.

Се определуваат одговорни наставници-распоред на дежурни наставници во двете смени кој е прикажан во распоредот на часови – по денови и наставници за одделенска настава, како и за предметна настава, се определува контрола во училиштето (во ходници, училници, санитарни јазли и другите простории), но задолжително и во училишниот двор од отварање- прием на учениците, до затворање на училиштето-испраќање на учениците дома во текот на денот. За таа цел се води писмена евиденција со име и презиме на дежурните наставници кои ги евидентираат тековните збиднувања за време на одморите во текот на денот. За надминување на проблемите во поведението и дисциплината континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител со цел подобра дисциплина и воспоставување на работната атмосфера на часовите. При изрекувањето на педагошките мерки се обезбедува еднаквост и праведност во однос на

сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување  педагошки мерки. Учениците се чуствуваат безбедно и прифатено од  вработените во училиштето.

### *14.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Во училиштето се води грижа за уредувањето и одржувањето на просторот,а и опкружувањето на училиштето.Се води сметка уредувањето да биде функционално, естетско за сите кои што престојуваат во училиштето пријатно да се чувствуваат, водејќи сметка за мулти-културализмот во училиштето.Во сите училници за ентериерот се грижат наставниците и учениците,тие во текот на целата учебна година  го адаптираат просторот според предметот кој го изучуваат.За уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување кој заедно со учениците според изготвената програма ги уредува.Останатите простории се опремени според намената за која што служат.

Во училиштето исто така се води грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња, поставените клупи се одржуваат. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

Програмата за естетско и функционално уредување на просторот во на училиштето е даден во ПРИЛОГ 34-А , а акциониот план ПРИЛОГ 34-Б .

### 14.3. *Етички кодекси*

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество  во нивното изработување.Повремено се разгледуваат кодексите и се дискутира за нивно дополнување и измена. Во кодексите јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Училиштето располага и со  правилници во кои   се предвидени и постапките кои се превземаат при  прекршување на правилата пропишани со кодексиите. Кодексот на однесување за наставници, ученици и родители е даден во ПРИЛОГ 33.

Еко-кодекс - Еко-кодексот ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во Програмата. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Еко-кодексот содржи конкретни акции конкретни акции пораки и правила кон кои ќе се придржуваат сите ученици, училишниот персонал, но и сите вклучени во Програмата. Еко-кодексот се истакнува на видливо место и се збогатува со информации на годишно или полугодишно ниво.




Еко-кодексот е даден во ПРИЛОГ 35.

## *14.4. Мулти- културализам*

Со годишната програма за работа на училиштето во учебната 2015/2016 год. се планирани низа активности кои ќе ја вклучат меѓуетничката интеграција во наставата. Меѓу другото, во училиштето ќе се организират повеќе наставни и вонннаставни активности како во самото училиште, така и во соработка со партнер училиштето во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички групи од 1 до 9 одделение. Во нив

исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот.

Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи.

Учениците ќе имаат можност да ја доживуваат Македонија како мултикултурна држава во која живеат различни етнички групи со што ќе можат да ги воочат предностите на мултикултурната држава и ќе развиваат свест за прифаќање на различностите и почитување на јазикот, културата и обичаите на другите етнички групи.

Училиштето ќе обезбеди простор, време, услови, работна рака и пари и ќе изготви план за сите активности и ќе ги вклучи сите вработени во реализација на гореспоменатите активности. Општината, советот на родители, училишниот одбор, како и членови на месните заедници, невладините организации и бизнис секторот исто така ќе бидат вклучени на најразлични начини: финансиски, материјално и со работна рака во помагањето за реализирање на зацртаните активности.

Покрај споменатите активности ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги споменеме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, натпреварите во пинг понг, бадминтон, есенски крос, атлетика, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани.

Забелешка – Можни се промени и дополнувања во програмата и акциониот план, како и во текот на спроведување на активностите и планираните содржини!

Глобалното планирање за меѓуетничка интеграција во образованието е дадено во ПРИЛОГ 36.

### 14.5. Односи меѓу сите структури

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби. Времето, местото и начинот на нивната реализација ќе се одредува по пат на договор.

## 15. Професионален развој на образовниот кадар

### 15.1. Личен професионален развој

Во училиштето се планира поединечно следење на напредувањето на наставниците и нивното вреднување преку работата на тимот за "Професионален развој на наставниците во училиштето", тимот за ,,Следење, анализа и подршка на оценувањето,,водење на педагошки картон за наставниците, како и преку екстерното оценување на учениците.

Преку работата на тимот за "Професионален развој на наставниците во училиштето", наставниците се мотивираат за постојано посетување на семинари и обуки, за стекнување на сертификати и примена на стекнатите знаења во наставата.

### 15.2. Хоризонтално учење

Во училиштето се изготвени акциски планови со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење и критериуми за успех во рамките на :

- Стручен актив на одделенска настава (Акциониот план е даден во ПРИЛОГ 37),
- Стручен актив на општествено – јазична група на предмети(Акциониот план е даден во ПРИЛОГ 38),
- Стручен актив на природно – математичка група на предмети(Акциониот план е даден во ПРИЛОГ 39).

### 15.3. Тимска работа и училишна клима

Во училиштето се поттикнува соработката помеѓу наставниците на тој начин што севкупната работа на училиштето е организирана преку работата на тимови кои одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Помеѓу тимовите постои отворена комуникација, взаемно почитување и соработка преку организирање состаноци на Координативното тело, на кои се овозможува конструктивно решавање на проблемите, при што се почитува мислењето на секој поединец. Со цел навремено извршување на административната работа на наставниците се врши следење од страна на "Тимот за увид во педагошка евиденција и документација " (ПРИЛОГ 40).

И оваа учебна година училиштето планира да ја продолжи истата соработка.

## 16. Вклученост на семејствата во училиштето

### 16.1. Во животот и работата на училиштето

На почетокот на секоја учебна година со помош на флаери ќе се информираат родителите за организационата поставеност и за активностите кои треба да ги изведува училиштето**,** нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците.

Учеството на родителите во училиштето се планира да се одвива на повеќе начини и тоа преку Советот на родители кои за своите активности треба да изготват програма за работа која се усвојува на почетокот на учебната година. Советот на родители ќе одржува редовни состаноци после секое тримесечие со цел да се информира за постигнатиот успех и поведение од изминатиот квартал како и за други тековни активности на училиштето. Родителите ќе имаат можност да даваат свои сугестии предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето со цел подобрување на условите за работа. По потреба да се одржуваат и други вонредни состаноци. На истите ќе учествуваат и наставници.

Исто така родителите треба да се вклучат во изведување на многубројни активности кои ќе се испланираат во Акциониот плана и програма на Тимот за „Соработка со родители" како и други активности кои ќе се предвидат од другите тимови при што ќе се земаат предвид предлозите, мислењата и сугестиите од родителите и кои ќе се планираат во понатамошните активности на училиштето.

Училиштето во својата програма ќе планира средби со родители, приемен ден на училиштето, ќе изработи кодекс на однесување на родители, наставници, ученици. Сите информации кои треба да ги добијат родителите ќе се истакнуваат на огласна табла на родителските катчиња кои се поставени во секој хол и до влезната врата.

### 16.2. Во процесот на учење

Родителите ќе се вклучат и во самиот процес на учење непосредно со нивното право да даваат мислење и сугестии за дополнување и изменување на планирањата на училишните програми; Ќе се информираат преку учениците, наставниците, Совет на родители, Училишен одбор, директор, стручна служба. За учениците кои се со потешкотии во развој ќе се вклучат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и матерјали; Ќе помагаат при професионалната ориентација на учениците при што ќе се испланираат ативности за да учествуваат родителите во обработка на нови наставни содржини секој од областа на својата професија.

### 16.3. Во активностите во училиштето

Се планира родителите да земат учествуво во голем број активности предвидени со акциониот план од Тимот за Соработка со родители како и акционите планови на останатите тимови.

Ќе се предвидуваат повеќе активности со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите и поголемо вклучување во животот и работата на училиштето. Такви активности се следните:

- Одбележување на Денот на јаболкото, Здрава храна, Засадување рози, Разубавување на училишниот двор; Новогодишно декорирање на училиштето, Новогодишен хепенинг, Саем и изложба на цвеќе;
- Презентирање на начинот на организација и реализација на наставен час со реализација на наставниците ќе се изведуваат отворени часови за родителите а исто така вклучување на родителите во обработка на нови наставни содржини;
- Уредување на просторот околу и во училиштето;
- Во месец април се предвидува вклучување на родителите во спортските постигнувања на учениците со училишни спортски натпревари со учество на ученици, наставници, родители во спортски тимови; За месец април со цел - Хуманитарен концерт, Учество на приредби организирани од Тимот за културно забавен живот; Учество во тендери за организирани екскурзии, Учество во разни манифестации и промоции на училиштето.

### *16.4. Во донесување одлуки*

Родителите преку Совет на родители и Училишен одбор треба учествуваат во донесување на одлуки кои се важни за животот и работењето на училиштето.

### *16.5. Едукација на семејството*

Нашето училиште планира советување на родителите организирано од стручната служба после секое поминато тромесечие; да се посетуваат семејства, едукативни работилници и предавања преку кои родителите ќе ги прошират своите знаења и ќе се придонесе за развивање на самосвеста за здравиот начин на живеење, односот спрема своите деца и друго. Ќе се информираат преку разни соопштенија, Училишен весник, флаери, изготвени од наставниците, тимот за Соработка со родители, стручната служба. Училиштето соработува со СОС „Детско село„ кое е во непосредна близина, со социјалните центри со цел да се помогне на семејствата кои имаат потешкотии во сојата грижа и воспитување на децата; како и со други институции кои треба да се вклучуваат за подобрување на работата на училиштето.

### *16.6 Изработка на брошура за родители*

*Со цел да се информираат родителите со ГПРУ, ќе се изработи брошура за дел од позначајните содржините на истата.*

## 17. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### *17.1. Локална заедница*

Комуникацијата со локалната заедница , во зависност од потребите ќе се остварува по устен , писмен или електронски пат.

Со цел што поголема промоција на училиштето во јавноста , во текот на учебната година се предвидува да бидат остварени низа состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, промоции на постигнати резултати од најразличен вид, комуникација со медиуми и сл.

- Училиштето и оваа година ќе биде во соработка со општината Гази Баба за реализација на еколошката програма на локално ниво и истата е потпишана со Меморандум за соработка даден ПРИЛОГ 41.

### *17.2. Институции од областа на културата*

За поголема и поуспешна промоција на училиштето во областа на културата посебно внимание ќе и се посвети на соработката со институции од областа на културата меѓу кои: музеи, театри библиотеки, ликовни колонии, кино –сали и сл.Учениците континуирано во текот на учебната година ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси ,ќе посетуваат изложби , културно-историски споменици , музеи и сл.

Во училиштето ќе бидат организирани јавни приредби, Франкофонска вечер, Хорски и оскертарски смотри , Еко –промоции, приредби во организација на ,,Тимот за меѓуетничка интеграција “ и други тимови.

Акциониот план за организирани посети надвор од училиштето е составен дел од Годишната програма на ,,Тимот за екскурзии “ (ПРИЛОГ 25)

### *17.3. Институции од областа на образованието*

Соработката со институции од областа на образованието подразбира :

- Соработка со МОН при доставување на годишната програма на училиштето, доставување годишен извештај од работата на училиштето и тековна соработки при воведување и реализација на сите промени и новини кои произлегуваат од министерството.
- Во соработка и организација на БРО во согласност со потребата за унапредување и модернизација на наставата, наставниот кадар и оваа учебна година перманентно ќе го надградува сопственото знаење со посета на обуки и семинари
- Во соработка со МЦГО и UNICEF ќе се реализира проектот Инклузивно образование за ранливи групи ученици’’.
- Во текот на учебната година училиштето планира и соработка со Општинскиот инспектор и активот на директори на ниво на општина за низа консултации , размена на искуства , тековни прашања и разни прослави.
- Соработката со Државниот просветен инспекторат (ДПИ) ќе се оствари при надзорот на овој орган на државната управа на: исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето на квалитетот на образованието, ефективноста преку евалуација на работата на воспитно образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието.
- Соработката со детските градинки во непосредната околина ќе се оствари во мај при почеток на уписниот рок за запишување на првачињата во училиштето.
- Соработка со основните и средните училишта ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности како што се спортските натпревари и натпревари во разни

други подрачја ,литератутни читања , размена на искуства помеѓу наставниците ,промоции на средните училишта и сл.

## 17.4. Невладини организации

Во текот на учебната година училиштето ќе оствари соработка и со невладини организации, меѓу кои:

- Советодавен центар за деца и родители;
- ОХО-Проектот од Еко програма’
- Фондот за деца при Обединетите Нации **-** УНИЦЕФ” ;
- СОС -,, Детското село “- Скопје

Во текот на учебната година училиштето ќе биде отворено за соработка и со други невладини организации.

Во прилог е даден акциониот план за соработка на училиштето со Невладини организации во учебната 2015/2016 г.

| | Акционен план за соработка со невладини организации 2015-2016 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Следење | | |
| Задача | Активност | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | □ x | Потребен буџет |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| -Да се идентификува и дава подршка на ученици кои спаѓаат во групата на социјален ризик | -Идентификување и давање подршка на ученици кои спаѓаат во групата на социјален ризик<br>-Соработка со ,,Советодавниот центар за деца и родители'' | Тековно | Наставници, стручни соработници и одговорни лица од ,,Советодавниот центар за деца и родители " | Материјали од обуките | Консултативни разговори и изготвени мислења за учениците | Соодветен одговор на потребите на учениците од ранливите групи | стручни соработници | x | / |
| -Да се планираат активности за реализација на проектот-<br>,,Инклузивно образование за ранливи групи ученици'' | Спроведување на дисеминација во училиштето која ќе произлезе од проектот на UNICEF и МЦГО; | Тековно | Наставници и стручни соработници | Материјали од обуките | Формулар за евалуација од спроведената дисеминација | Проширување на знаењата од областа на инклузивното образование | тим на обучувачи<br>UNICEF | x | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се планираат активности за реализација на Еко проекти | Спроведувањ е на активности од Еко проекти ,, | Тековно | Еко тимот | Акции и работилници | / | Зголемува ње на Еколошкат а свест кај учениците | Бојана М.Личева | x | / |
| -Да се споделуват заемни искуства на училиштето и СОС ,Детското село'' -Да се унапредува соработката | Споделување заемни искуства и унапредувањ е на соработката | Тековно | Директор, Наставници и стручни соработници | Состаноци, средби и разговори | Консултативни разговори и изготвени мислења за учениците | Подобрување на квалитетот на соработката која е во интерес на штитениците на СОС – Детското село | Директор | x | / |

## *17.5 Спортски друштва*

Во текот на учебната година училиштето ќе оствари соработка со спортски друшта кои функционираат во непосредната околина: Џудо клуб "Вардар" , "Кошаркарски клуб "Јуниор" , Кошаркарски клуб , Одбојкарски клуб "Јанта Волеј ", Аикидо клуб и други.

## *17.6 Здравствени организации*

Реализирајќи ја програмата на “Тимот за грижа на здравјето на учениците и наставниците “ , во текот на учебната година училиштето ќе оствари соработка со здравствени организации меѓу кои: Фондот за здравство, Центарот за социјална работа, Центарот за јавно здравје –Скопје , Здравствениот дом “Ченто” , Осигурителни компани и др.

Овој тим има предвидено едукативни предавања од областа на здравјето ,како и одбележување на позначајните денови за борба против болестите, меѓу кои:

- Активности од кампањата “Здрава храна за детство без мана’’
- Предавања од областа на здравите животни навики **;**
- Одбележување на позначајните денови за борба против болести, меѓу кои: ,,Меѓународен ден на храната“ ; “Борба против туберкулозата“, “Ден на срцето“, ,,Инфективни болести – сида, жолтица и грип“; “Болести на завист – дрога, пушење и алкохол“; “Здрава исхрана во текот на зимата“ и др.

Овој тим во акциониот план има предвидено едукативни предавања од областа на здравјето, како и одбележување на позначајните денови за борба против болестите.

***Тим:*** *Мирослава Стојманова – координатор; Наташа Јосимовска Георгиева; Јулија Јанкуловска*

## *17.7 Медиуми*

Со цел да се стави поголем акцент за промоција на училиштето, од оваа учебна година па во континуитет во наредните четири години, приоритет на училиштето е “медиумска покриеност на активностите во училиштето“ вклучувајќи ја и реализацијата на активности од еколошката програма . Активностите се дадени погоре во ПРИОРИТЕТ 3.

Планот за информирање на пошироката заедница е даден во ПРИЛОГ 42

## Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови

| Година | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
| Активности од работатат на | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | ✓ x | Потребен буџет |
| Детска организација | | | | | | | | | | | | | Елизабета Ордева | Начинот на спроведување и потребните ресурси за активностите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Инструментите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Очекуваните резултати за активностите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Магдалена Павлеска | | |
| Тим за стетско уредување на училиштето и училишниот двор | | | | | | | | | | | | | Марија Н.Наневска | | | | | | |
| Ученичко - училишна заедница | | | | | | | | | | | | | Александра Стојчевска | | | | | | |
| Стручен актив на одделенска настава | | | | | | | | | | | | | Даниела Салтирова | | | | | | |
| Стручен актив на општествено - јазична група на предмети | | | | | | | | | | | | | Весна Кочова | | | | | | |
| Стручен актив на природно-математичка група на предмети | | | | | | | | | | | | | Елена Томевска | | | | | | |
| Тим за организирање на ученички екскурзии- | | | | | | | | | | | | | Јорданчо Тодосиев | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тим за културно-забавен живот | | | | | | | | | | | | | Даниела Торковска | | | | | | |
| Црвен крст | | | | | | | | | | | | | Биљана Паавичевиќ | | | | | | |
| Еко тим | | | | | | | | | | | | | Бојана М.Личева | | | | | | |
| Приоритет 1-Подобрување на капацитетот на училишната библиотека и оформување на медијатека | | | | | | | | | | | | | Весна Кочова | | | | | | |
| Приоритет 2-Дислокација на спортските терени и нивно оптимално користење | | | | | | | | | | | | | Даниела Торковска | | | | | | |
| Приоритет 3-Медиумска покриеност на активностите во училиштето | | | | | | | | | | | | | Лидија Велковска | | | | | | |
| Програма за работа со надарени ученици | | | | | | | | | | | | | Вана Мињенко | | | | | | |
| Тим за подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава | | | | | | | | | | | | | Елена Томевска | | | | | | |
| Тим за подобрување и продлабочување на соработката со родителите | | | | | | | | | | | | | Светлана Пешовска | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тим за рофесионален развој на наставниците во училиштето | | | | | | | | | | | | | Габриела Пљачковска | | | | | | |
| Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии и посебни потреби | | | | | | | | | | | | | Розалија Давковска | | | | | | |
| Програма за професионална ориентација на учениците | | | | | | | | | | | | | Вана Мињенко | | | | | | |
| Тим за меѓуетничка интеграција во образованието | | | | | | | | | | | | | Весна Трајковска | | | | | | |
| Превенција од насилното однесување во училиштето | | | | | | | | | | | | | Габриела Пљачковска | | | | | | |
| Следење, анализа и поддршка на оценувањето | | | | | | | | | | | | | Вана Мињенко | | | | | | |
| Тим за увид во педагошка евиденција и документација | | | | | | | | | | | | | Јулија Јанкуловска | | | | | | |

Одговорен наставник на координативното тело: Магдалена Павлеска

- ***Тим кои учествувал во изработката на ГП:  Лиле Сарваноска, Виолета Стоилевска  и Марина Пејковска***
- ***Место за печат***
- ***Датум  и потпис на директот***
- ***Потпис на претседател на УО***

# Прилози